# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД

| | | |
|---|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД**<br>**ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА**<br>**ОГЛАСИ ПО ТАРИФАТА** | **О Х Р И Д**<br>**20.07.2007**<br>**БРОЈ 9 ГОДИНА 42** | |


## С О Д Р Ж И Н А


| | | |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за потврдување на планот за поделба на МЈП „Проаква“ Струга | 2 |
| 2. | Одлука за измени и дополнување на спогодбата за основање меѓуопштинско јавно претпријатие за снабдување со вода за пиење и одведување на отпадни води за општините Охрид и Струга | 3 |
| 3. | Одлука за основање на Јавно претпријатие за снабдување со вода за пиење и одведување на отпадни води „Водовод’ Охрид | 6 |
| 4. | Одлука за измена на Одлуката за авто - такси превоз на патници во општина Охрид | 8 |
| 5. | Одлука за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Охрид прв квартал за буџетска 2007 година | 8 |
| 6. | Одлука за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Охрид втор квартал за буџетска 2007 година | 9 |
| 7. | Одлука за пренамена на средства во Буџетот на општина Охрид за 2007 година | 10 |
| 8. | Решение за изменување на Решението за формирање Комисија за мандатни прашања избори и именувања | 12 |
| 9. | Решение за изменување на Решението за формирање Комисија за јавни и комунални дејности | 12 |
| 10. | Одлука за изменување на Одлуката за формирање комисија за еднакви можности меѓу жените и мажите | 13 |
| 11. | Решение за изменување на Решението за определување членови од Советот кои ќе учествуваат при склучување на бракови | 14 |
| 12. | Одлука за формирање Комисија за одлучување во втор степен во управни работи од комунална дејност | 14 |
| 13. | Заклучоци | 15 |
| 14. | Одлука за избор на Претседател на Советот за развој на југозападниот плански регион | 16 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ПОДЕЛБА НА МЈП „ПРОАКВА“ СТРУГА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за потврдување на Планот за поделба на МЈП „Проаква“ Струга, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.07.2007 година.

**Број 08-1423/2** **ОПШТИНА ОХРИД**
**13.07.2007 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 528 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на РМ“ бр.28/04, 25/07), Советот на општина Охрид, расправајќи по Планот за поделба на МЈП „Проаква“ Струга, на седницата одржана на ден 13.07.2007 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ПОДЕЛБА НА МЈП „ПРОАКВА“ СТРУГА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се потврдува Планот за поделба на МЈП „Проаква“ Струга, донесен од Управниот одбор на МЈП „Проаква“ Струга на седницата одржана на 21.05.2007 година бр.03-1046/1, составен во форма на нотарски акт ОДУ.бр.241/07 од 07.06.2007 година.

**Член 2**

Планот за поделба на МЈП „Проаква“ Струга е даден во прилог и е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката за потврдување на Планот за поделба претставува и Одлука за поделба на МЈП „Проаква“ Струга.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општините Охрид и Струга“.

**Број 07-1423/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**13.07.2007 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СПОГОДБАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ ЗА ОПШТИНИТЕ ОХРИД И СТРУГА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за измени и дополнување на Спогодбата за основање меѓуопштинско јавно претпријатие за снабдување со вода за пиење и одведување на отпадни

води за општините Охрид и Струга, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.07.2007 година.

**Број 08-1423/3**
**13.07.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 16 од Законот за комуналните дејности („Сл.весник на РМ“ бр.45/97, 23/99 и 45/02), Советот на општина Охрид, на седницата одржана на ден 13.07.2007 година, донесе:

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СПОГОДБАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ ЗА ОПШТИНИТЕ ОХРИД И СТРУГА

**Член 1**

Називот на Спогодбата за основање Меѓуопштинско јавно претпријатие за снабдување со вода за пиење и одведување на отпадни води за општините Охрид и Струга, се менува и гласи:

„Спогодбата за основање Меѓуопштинско јавно претпријатие „Проаква“ за одведување и пречистување на отпадни води за општините Охрид и Струга“.

**Член 2**

Членот 1 се менува и гласи:

„Општините Охрид и Струга, основаат Меѓуопштинско јавно претпријатие за обезбедување на комунални услуги на своите граѓани од областа на одведувањето и пречистувањето на отпадните води и заштита на Охридското Езеро“.

**Член 3**

Членот 3 став 1 се менува и гласи:

Полниот назив на Јавното претпријатие е, Меѓуопштинско јавно претпријатие за одведување и пречистување на отпадни води на општините Охрид и Струга и заштита на Охридското Езеро - „Проаква“.

**Член 4**

Во членот 8 точките 1, 2 и 3 се бришат, а точката 4 станува точка 1.

**Член 5**

Членот 9 се брише.

**Член 6**

Во членот 10, ставот 2, се менува и гласи:

„Имотот и средствата за работа на МЈП „Проаква“ се утврдени со Делбениот биланс во Планот за поделба на МЈП „Проаква“ Струга.

Средствата за финансирање на трошоците од работењето на МЈП „Проаква“ ќе се обезбедуваат од надоместокот кој граѓаните, корисници на вода за пиење го плаќаат за потрошена вода, наменски средства на државата, даноци и други извори.

**Член 7**

Висината на надоместокот за покривање на трошоците за нормално функционирање на дејноста на МЈП „Проаква“ се искажува преку цена за потрошен кубен метар вода за пиење, кој ЈП „Водовод“ Охрид и ЈП „Водовод и канализација“ Струга ќе го вградуваат во сопствена фактура со која се утврдува потрошената количина на вода, со посебна назнака за колекторскиот систем.

**Член 8**

Висината на цената што граѓаните ја плаќаат за покривање на трошоците на работењето на МЈП „Проаква“ ја утврдува Управниот одбор на МЈП, а советите на општините основачи даваат согласност на истата.

**Член 9**

Средствата за покривање на трошоците на работењето на МЈП „Проаква“ основачите се согласни да се прибираат преку жиро-сметките на ЈП „Водовод“ Охрид и ЈП „Водовод и канализација“ Струга.

Износот на средствата наплатени од граѓаните за покривање на трошоците на работењето на МЈП „Проаква“, директорите на ЈП „Водовод“ Охрид и ЈП „Водовод и канализација“ Струга задолжително ќе ги префрлаат на жиро сметка на МЈП „Проаква“ на последниот работен ден од неделата.

**Член 10**

Висината на наплатените средства од граѓаните наменети за покривање на трошоците на МЈП „Проаква“, а собрани преку жиро сметките на ЈП „Водовод“ Охрид и ЈП „Водовод и канализација“ Струга, ќе ја следи Надзорниот одбор врз основа на доставена финансиска документација од страна на јавните претпријатија од општините основачи.

По потреба основачите можат да побараат висината на наплатениот износ да го утврдува Комисија именувана од Советот на двете општини основачи на МЈП.

**Член 11**

Доколку преносот на на платените средства за покривање на трошоците на МЈП „Проаква“ не се изврши на жиро - сметка во рокот утврден со член 9 став 2 на оваа Одлука, основачите се согласни средствата во висина на наплатениот износ на жиро - сметка на МЈП „Проаква“ да бидат префрлени на Буџетот на општината.

**Член 12**

Во членот 13 во ставот 1 зборовите „Одбор за контрола на материјално - финансиското работење“, се заменуваат со зборовите: „Надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење“.

**Член 13**

Членот 14 се менува и гласи:

Бројот и составот на членовите на Управниот одбор ќе се утврди со Статутот на МЈП „Проаква“ во согласност со закон.

**Член 14**

Членот 15 се менува и гласи:

Бројот и составот на членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење ќе се утврди со Статутот на МЈП „Проаква“ - Струга, согласно Законот.

**Член 15**

Членот 17 се менува и гласи:

Со работата на МЈП „Проаква“ Струга раководи Директор, кој согласно позитивните законски прописи го именува Градоначалникот на општина Охрид.

**Член 16**

Во членот 18 ставот 2 се брише, а ставовите 3, 4 и 5 стануваат ставови 2, 3 и 4.

**Член 17**

Членот 21 се менува и гласи:

До именувањето на директор на МЈП „Проаква“ Струга, работите на директорот на претпријатието ќе ги води вршителот на должноста - директор.

**Член 18**

Членот 22 се брише.

**Член 19**

Членот 23 се менува и гласи:

Промените на уписот на МЈП „Проаква“ во Централниот регистар на РМ да се изврши согласно Делбениот биланс - „Планот за поделба на МЈП „Проаква““.

**Член 20**

Членот 24 се менува и гласи:

Работниците на МЈП „Проаква“ Струга ќе се распоредат согласно списоците за распоредување утврдени во Планот за поделба.

**Член 21**

Членовите 25 и 26 се бришат.

**Член 22**

Членот 27 се менува и гласи:

Јавните претпријатија што се издвојуваат со основање ги преземаат правата и обврските утврдени со Планот за поделба.

**Член 23**

Членот 28 се менува и гласи:

МЈП „Проаква“ во рок од 90 дена од денот на донесувањето на оваа Одлука ќе ги донесе општите акти на претпријатието.

**Член 24**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општините Охрид и Струга“.

**Број 07-1423/3**
**13.07.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ „ВОДОВОД“ - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за основање Јавно претпријатие за снабдување со вода за пиење и одведување на отпадни води „Водовод“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.07.2007 година.

**Број 08-1423/4**
**13.07.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 9 став 2 и член 10 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02, 49/06, 22/07), а во врска со член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.07.2007 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ „ВОДОВОД“ - ОХРИД**

**Член 1**

Се основа Јавно претпријатие за снабдување со вода за пиење и одведување на отпадни води „Водовод“ Охрид.

Претпријатието од став 1 на овој член се основа со издвојување од МЈП „Проаква“ - Струга“, запишано во Централниот регистар на РМ под бр.____________.

**Член 2**

ЈП „Водовод“ - Охрид ќе работи и учествува во правниот промет под фирма:

Јавно претпријатие за снабдување со вода за пиење и одведување на отпадни води „Водовод“ - Охрид.

Скратен назив на претпријатието е ЈП „Водовод“ - Охрид.

**Член 3**

Седиштето на ЈП „Водовод“ Охрид е во Охрид на ул.„Билјанини извори“ бб.

**Член 4**

Како дејности од јавен интерес ЈП „Водовод“ Охрид, врши управување, реконструкција, ремонт, одржување и заштита на водоводниот систем и канализациониот систем, организирање и раководење со системите за водовод и канализација.

**Член 5**

Во рамките на предметот на расботењето претпријатието ќе ги врши дејностите:

- одведување на урбани отпадни води под што се подразбира прифаќање на отпадни води од клучниот приклучок на канализациона мреќа и одведување до улична канализациона мрежа во секундарната канализациона мрежа до испуштање до реципиент;
- одведување и испуштање на атмосферски води од урбани површини, одведување со канализациона мрежа до испуштање во реципиент;
- одржување и реконструкција на објектите од комунална инфраструктура (објекти, уреди, постојки, инсталација) што служат за обавување на дејноста на претпријатието;
- надзор над изградбата на хидроградежни објекти;
- изградба и водење на подземен катастар на изведени мрежи и објекти и на објекти и мрежи што се изведуваат;
- монтажа, поправка, контрола и одржување на мерни инструменти за правни и физички лица;
- лабораториски анализи и испитување на водата за пиење.

**Член 6**

Претпријатието има својство на правно лице.

Претпријатието во правниот промет настапува самостојно и за преземените обврски одговара со сиот свој имот.

**Член 5**

Согласно Планот за поделба на капиталот, средствата, правата, обврските и вработените на МЈП „Проаква“ Струга, потврден со Одлука на Советот на општина Охрид бр.07-1423/3 од 13.07.2007 година, се одредени и определени: капиталот; средствата; правата; обврски и вработените кои припаѓаат на ЈП „Водовод“ Охрид.

**Член 7**

ЈП „Водовод“ има свој печат, штембил и амблем.

Печатот има формм на круг со текст испишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

Штембилот има правоаголна форма каде што е испишана фирмата и седиштето на претпријатието на македонски јазик и неговото писмо.

**Член 8**

Органи на управување на ЈП „Водовод“ Охрид се:
- Управен одбор;
- Надзорен одбор;
- Директор.

**Член 9**

Со претпријатието управува Управниот одбор, составен од 5 члена кои ги избира и разрешува основачот.

Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 4 (четири) години.

**Член 10**

Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење се состои од 5 члена кои ги избира и разрешува основачот.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор е 4 (четири) години.

**Член 11**

Со работата на претпријатието раководи Директорот.

Градоначалникот на општината го избира и разрешува Директорот.

Директорот се избира со мандат од 4 (четири) години.

**Член 12**

До конституирањето на претпријатието и изборот на нови органи, Управниот одбор, Одборот за материјално финансиското работење и Директорот на МЈП „Проаква“ Струга, ќе ги вршат работите на ЈП „Водовод“ Охрид.

**Член 13**

Со Статутот на претпријатието кој ќе се донесе во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на ова Одлука, поблиску ќе се уредат фирмата; дејноста; износот на средствата за основање и начинот на нивно обезбедување; организација на претпријатието; настапување во правниот промет; организација на водоводниот и канализациониот систем; утврдување и раководење со претпријатието; работници со посебни овластувања и одговорности; одбрана; заштита и унапредување на животната средина; јавност во работата; инфраструктура на работата; соработка со синдикатот; деловна тајна; општи акти на претпријатието и др. прашања од значење на претпријатието.

**Член 14**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1423/4**
**13.07.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## ЗАКЛУЧОК
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА АВТО - ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за измена на Одлуката за авто - такси превоз на патници во општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.07.2007 година.

**Број 08-1423/5** **ОПШТИНА ОХРИД**
**13.07.2007 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 54 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл.весник на РМ“ бр.68/04 и 127/06), а во врска со член 42 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03 и 6/05), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.07.2007 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА АВТО - ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се менува член 5 став 1 од Одлуката за авто - такси превоз на патници во општина Охрид бр.07-351/1 од 09.06.1999 година („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.04/99, 06/04 и 10/05) и истиот гласи:

„За користење на авто - такси станиците, авто - такси превозникот плаќа годишен надоместок во износ од 10.000,00 денари по возило“.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1423/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**13.07.2007 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ПРВ КВАРТАЛ ЗА БУЏЕТСКА 2007 год.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Охрид прв квартал за буџетска 2007 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.07.2007 година.

**Број 08-1423/6** **ОПШТИНА ОХРИД**
**13.07.2007 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.07.2007 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ПРВ КВАРТАЛ ЗА БУЏЕТСКА 2007 год.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за извршување на Буџетот на општина Охрид за прв квартал за буџетска 2007 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1423/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**13.07.2007 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ВТОР КВАРТАЛ ЗА БУЏЕТСКА 2007 год.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Охрид втор квартал за буџетска 2007 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.07.2007 година.

**Број 08-1423/7** **ОПШТИНА ОХРИД**
**13.07.2007 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 42 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.07.2007 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ВТОР КВАРТАЛ ЗА БУЏЕТСКА 2007 год.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за извршување на Буџетот на општина Охрид за втор квартал за буџетска 2007 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1423/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**13.07.2007 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.07.2007 година.

**Број 08-1423/7-1**
**13.07.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.07.2007 година го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

Се обврзува градоначалникот и општинската администрација навремено да ги доставуваат кварталните извештаи за извршувањето на Буџетот на општина Охрид до Советот на општина Охрид.

**Број 07-1423/7-1**
**13.07.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕНАМЕНА НА СРЕДСТВА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2007 година**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за пренамена на средства во Буџетот на општина Охрид за 2007 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.07.2007 година.

**Број 08-1423/8**
**13.07.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 33 од Законот за Буџетите („Сл.весник на РМ“ бр.64/05), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.07.2007 година донесе:

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРЕНАМЕНА НА СРЕДСТВА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2007 година**
**ЗА СРЕДСТВА ОД С/КАТА 787 - САМОФИНАНСИРАЧКИ РАСХОДИ**

**I. М1 - Детски градинки**

**А.**

Во Буџетот на општина Охрид за 2007 година, во рамките на програмата М1 - Детски градинки, се врши **намалување** на следните позиции:

Износот на позицијата 423410 - Прехрамбени продукти и пијалоци, се намалува за 100.000,00 денари и истиот наместо 3.000.000,00 денари ќе изнесува 2.900.000,00 денари.

**Б.**

Во Буџетот на општина Охрид за 2007 година, во рамките на програмата М1 - Детски градинки, се врши **зголемување** на следните позиции:

Износот на позицијата 425990 - Други договорни услуги, се зголемува за 50.000,00 денари и истиот наместо 20.000,00 денари ќе изнесува 70.000,00 денари.

Износот на позицијата 483240 - Купување информатичка и видео опрема, се зголемува за 50.000,00 денари и истиот наместо 50.000,00 денари ќе изнесува 100.000,00 денари.

**II. Н1 - Основно образование**

**А.**

Во Буџетот на општина Охрид за 2007 година, во рамките на програмата Н1 - Основно образование, се врши **намалување** на следните позиции:

Износот на позицијата 423120 - Списанија, весници и други изданија, се намалува за 60.000,00 денари и истиот наместо 900.000,00 денари ќе изнесува 840.000,00 денари.

Износот на позицијата 423410 - Прехрамбени продукти и пијалоци, се намалува за 30.000,00 денари и истиот наместо 1.200.000,00 денари ќе изнесува 1.170.000,00 денари.

Износот на позицијата 423610 - Наставно образовни помагала, се намалува за 20.000,00 денари и истиот наместо 100.000,00 денари ќе изнесува 80.000,00 денари.

Износот на позицијата 423990 - Други материјали, се намалува за 20.000,00 денари и истиот наместо 120.000,00 денари ќе изнесува 100.000,00 денари.

**Б.**

Во Буџетот на општина Охрид за 2007 година, во рамките на програмата Н1 - Основно образование, се врши **зголемување** на следните позиции:

Износот на позицијата 420110 - Патување во земјата (хранарина), се зголемува за 40.000,00 денари и истиот наместо 30.000,00 денари ќе изнесува 70.000,00 денари.

Износот на позицијата 420120 - Патување во земјата (патни расходи), се зголемува за 10.000,00 денари и истиот наместо 20.000,00 денари ќе изнесува 30.000,00 денари.

Се додава нован позиција 425790 - Други образовни услуги, на износ од 80.000,00 денари.

**III. Н2 - Средно образование**

**А.**

Во Буџетот на општина Охрид за 2007 година, во рамките на програмата Н2 - Средно образование, се врши **намалување** на следните позиции:

Износот на позицијата 481230 - Реконструкција на деловни објекти, се намалува за 820.000,00 денари и истиот наместо 1.600.000,00 денари ќе изнесува 780.000,00 денари.

**Б.**

Во Буџетот на општина Охрид за 2007 година, во рамките на програмата Н2 - Средно образование, се врши **зголемување** на следните позиции:

Износот на позицијата 423990 - Други материјали, се зголемува за 250.000,00 денари и истиот наместо 400.000,00 денари ќе изнесува 650.000,00 денари.

Износот на позицијата 424430 - Поправки и одржување на опрема, се зголемува за 160.000,00 денари и истиот наместо 60.000,00 денари ќе изнесува 220.000,00 денари.

Износот на позицијата 425990 - Други договорни услуги, се зголемува за 120.000,00 денари и истиот наместо 900.000,00 денари ќе изнесува 1.020.000,00 денари.

Износот на позицијата 483290 - Купување на друга опрема, се зголемува за 290.000,00 денари и истиот наместо 200.000,00 денари ќе изнесува 490.000,00 денари.

**Број 07-1423/8**
**13.07.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## ЗАКЛУЧОК
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА МАНДАТНИ ПРАШАЊА ИЗБОРИ И ИМЕНУВАЊА

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Решението за изменување на Решението за формирање Комисија за мандатни прашања избори и именувања, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.07.2007 година.

**Број 08-1423/9**
**13.07.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 32 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 46 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.07.2007 година, донесе:

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА МАНДАТНИ ПРАШАЊА ИЗБОРИ И ИМЕНУВАЊА

1. Се врши измена на Решението за формирање Комисија за мандатни прашања, избори и именувања бр.07-533/3 од 19.05.2005 година во точка 1 алинеа 3 и тоа:

- За член во Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања наместо **ХАВЗА РЕЏЕП КАЌЕЉ** да стои **НАТАША КОСТОСКА**.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1423/9**
**13.07.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## ЗАКЛУЧОК
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА ЈАВНИ И КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Решението за изменување на Решението за формирање Комисија за јавни и комунални дејности, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.07.2007 година.

**Број 08-1423/10**
**13.07.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 32 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 46 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.07.2007 година, донесе:

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА ЈАВНИ И КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

1. Се врши измена на Решението за формирање Комисија за јавни и комунални дејности бр.07-533/5 од 19.05.2005 година во точка 1 алинеа 3 и тоа:

- За член во Комисијата за јавни и комунални дејности наместо **ХАВЗА РЕЦЕП КАЌЕЉ** да стои **НАТАША КОСТОСКА**.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1423/10**
**13.07.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## ЗАКЛУЧОК
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ МЕЃУ ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за формирање Комисија за еднакви можности меѓу жените и мажите, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.07.2007 година.

**Број 08-1423/11**
**13.07.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 32 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 46 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.07.2007 година, донесе:

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ МЕЃУ ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

1. Се врши измена на Одлуката за формирање Комисија за еднакви можности меѓу жените и мажите бр.07-852/4 од 27.04.2006 година во член 3 став 1 алинеа 3 и тоа:

- За член во Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите наместо **ХАВЗА РЕЦЕП КАЌЕЉ** да стои **НАТАША КОСТОСКА**.

2. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1423/11**
**13.07.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## ЗАКЛУЧОК
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ОД СОВЕТОТ КОИ ЌЕ УЧЕСТВУВААТ ПРИ СКЛУЧУВАЊЕ НА БРАКОВИ

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Решението за изменување на Решението за определување членови од Советот кои ќе учествуваат при склучување на бракови, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.07.2007 година.

**Број 08-1423/12**
**13.07.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 32 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 46 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.07.2007 година, донесе:

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ОД СОВЕТОТ КОИ ЌЕ УЧЕСТВУВААТ ПРИ СКЛУЧУВАЊЕ НА БРАКОВИ

1. Се врши измена на Решението за определување членови од Советот кои ќе учествуваат при склучување на бракови бр.07-533/12 од 19.05.2005 година во точка 1 алинеа 7 и тоа:

- За член од Советот на општина Охрид кој ќе учествува при склучување на бракови место **ХАВЗА РЕЏЕП КАЌЕЉ** да стои **НАТАША КОСТОСКА**.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1423/12**
**13.07.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## ЗАКЛУЧОК
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО ВТОР СТЕПЕН ВО УПРАВНИ РАБОТИ ОД КОМУНАЛНА ДЕЈНОСТ

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за формирање Комисија за одлучување во втор степен во управни работи од комунална дејност, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.07.2007 година.

**Број 08-1423/13**
**13.07.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 13.07.2007 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА
### ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО ВТОР СТЕПЕН ВО УПРАВНИ РАБОТИ ОД КОМУНАЛНА ДЕЈНОСТ

**Член 1**

Се формира Комисија за одлучување во втор степен во управни работи од комунална дејност (во понатамошниот текст: Комисија).

**Член 2**

Членови на Комисијата се:
- Владо Чингоски, претседател
- Гоце Дишлиески, член
- Поликсена Проева, член
- Спиро Николоски, член
- Љубомир Чаулев, член

**Член 3**

Комисијата има за задача во име на Советот во втор степен да одлучува во управни работи од комунална дејност.

**Член 4**

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1423/13**
**13.07.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОЦИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВААТ**, Заклучоците, што ги донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 20.07.2007 година.

**Број 07-1510/13**
**13.07.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

**ЗАКЛУЧОЦИ**

1. Вработените во јавната администрација, Локалната самоуправа и јавните претпријатија ЈП „Охридски Комуналец“ и МЈП „Проаква“ од Охрид да работаат со скратено и поместено работно време од 07.00 часот до 13.00 часот.
2. Му се препорачува на ЈП „Охридски Комуналец“ од Охрид и неговата оператива, како и на Територијалната противпожарна единица Охрид да вршат на секои два часа ладење на улиците во Охрид, заради избегнување на ефектот „жежок остров“.
3. Поради зголемена опасност од пожари се повикуваат надлежните органи од Националниот парк „Галичица“ Охрид и ЈП „Македонски шуми“ - ПСШ „Галичица“ од Охрид да преземат превентивни, соодветни мерки заради спречување на појави од поѓари и уништување на природната средина.

4. Советот на општината Охрид му препорачува на Р.З.З.З - ПЕ Охрид да излезе преку средствата за јавно информирање со упатства до населението посебно за ризичните популациони групи за заштита од очекуваните енормно покачени температури.

5. Се задолжува Градоначалникот на општина Охрид да формира Кризен штаб како времено тело за справување и координација со кризната состојба предизвикана од високите температури.

**Број 07-1510/3**
**13.07.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 19 точка 1 од Законот за рамномерен регионален развој („Сл.весник на РМ“ бр.63/07) на Конститутивната седница на Советот за развој на југозападниот плански регион одржана во Охрид на ден 14.07.2007 година се донесе следната:

## ОДЛУКА
### ЗА ФОРМИРАЊЕ СОВЕТ ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОЗАПАДНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

**Член 1**

Се формира Совет за развој на југозападниот плански регион (во понатамошниот текст: Советот).

**Член 2**

Членови на Советот се:
- Александар Петрески, градоначалник на општина Охрид
- Рамиз Мерко, градоначалник на општина Струга
- Владимир Толески, градоначалник на општина Кичево
- Аргетим Фида, градоначалник на општина Дебар
- Васил Радиноски, градоначалник на општина Вевчани
- Руфат Хусеини, градоначалник на општина Зајас
- Милосим Војнески, градоначалник на општина Македонски Брод
- Фидаил Салифоски, градоначалник на општина Пласница
- Стојо Павлески, градоначалник на општина Другово
- Љупчо Којчиноски, градоначалник на општина Дебарца
- Нузи Шахин, градоначалник на општина Центар Жупа
- Ванчо Србакоски, градоначалник на општина Вранештица
- Саније Садику, градоначалник на општина Осломеј

**Член 3**

Советот ќе ги врши работите од член 20 од Законот за рамномерен регионален развој („Сл.весник на РМ“ бр.63/07).

**Член 4**

Начинот на работа на Советот ќе се уреди со деловник.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општините: Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Вевчани, Зајас, Македонски Брод, Пласница, Другово, Дебарца, Центар Жупа, Вранешница и Осломеј.

**Број 08-1488/2**
**13.07.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОЗАПАДНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН**
**Претседател,**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 19 точка 5 од Законот за рамномерен регионален развој („Сл.весник на РМ“ бр.63/07) на Конститутивната седница на Советот за развој на југозападниот плански регион одржана во Охрид на ден 14.07.2007 година се донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОЗАПАДНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН**

**Член 1**

За Претседател на Совет за развој на југозападниот плански регион се избира: **Александар Петрески**, градоначалник на општина Охрид.

**Член 2**

Мандатот на Претседателот е 2 (две) години со право на повторен избор.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општините: Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Вевчани, Зајас, Македонски Брод, Пласница, Другово, Дебарца, Центар Жупа, Вранешница и Осломеј.

**Број 08-1488/3**
**13.07.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОЗАПАДНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН**
**Претседател,**
**Александар Петрески с.р**